# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Четвртото продолжение на 93-тата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 10 јануари 2002 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1 со почеток во 15,45 часот.

Седницата ја отвори и со неја претседаваше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека во салата по пребројувањето на пратениците, има доволен број на пратеници односно 66 и ќе можеме полноправно да продолжиме со работа.

Колеги пратеници, продолжуваме по 93-та седница и тоа по точката 5.

Предлог за избор на судии - поротници во Основниот суд во Гостивар.

Предлогот за избор на судии-поротници и мислењето на Комисијата за прашања на избори и именувања Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Дали некој бара збор.

За збор се јави пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници нека Ви е срећна и бериќетна Новата Година, Божиќ и празниците и плодна и родна да биде годинава. Но, првенствено сакам да упатам една критика до сите пратеници. Имено, денеска ни е прва седница и на правата седница не можеме сите да се собереме. Сите знаете дека не избрале граѓаните, нормално сите пратеници овде сме дојдени преку граѓаните и би требало ова да го почитуваме, затоа што денес е прва седница во годината и оваа година следуваат нови избори. Затоа, треба сите да мислите што е и како е, бидејќи повторно треба да се кандидирате и затоа би требало да бидеме по редовни, да не се чека овде по четири часа за една седница. Нормално, денеска е прва седница и да не биде вака цела година. Прва седница и направивме прв гаф, веднаш пауза до 15,00 часот. Тоа значи повторно не можеме да се собереме.

Апелирам до сите пратеници, благодарам на вашата љубезност и на вашата послушност што апелот го давам преку граѓаните за прва седница, затоа што немојте да заборавите оваа година доаѓаат избори и немојте да мислите дека ова така ќе помине. Вие смејте се, нормално, имате право но прва седница, прв гаф го направивте. Тоа значи дека немате заентересираност апсолутно за седници да доаѓате овде и да решаваме. Но, оставам граѓаните нека го проценат ова колку сме заентересирани и колку ги застапуваме граѓаните. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам г-дине Амди.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии-поротници во Основниот суд во Гостивар го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 81 пратеник, од кои 72 за, воздржани 3 и 6 пратеници гласале против.

Констатирам дека за судии-поротници во Основниот суд во Гостивар се избрани предложените кандидати за кои имате за секој поодделно добиено во материјалите.

Минуваме на точка 24.

Предлози за покренување на постапка за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Република Македонија.

Претресот по предлогот за покренување на постапката за разрешување на Кирил Савевски од функција заменик на јавен обвинител на Македонија е заклучен.

Предлогот за разрешување на заменик на јавен обвинител на Република Македонија го ставам на гласање. - Молам, да гласаме?

Гласале 81 пратеник, за гласале 62 пратеници, 3 воздржани и 16 пратеници гласале против.

Констатирам дека Кирил Савевски е разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на Република Македонија по негово барање.

Претресот по Предлог за покренување на постапка за разрешување на Марко Бундалевски од функција на заменик јавен обвинител на Република Македонија е заклучен.

Предлогот за разрешувања на Марко Бундалевски од функција на заменик на јавен обвинител на Република Македонија, по барање поради одење во пензија, го ставам на гласање. - Молам, да гласаме?

Вкупно гласале 81 пратеник, за гласале 68 пратеици, 3 воздржани и 10 пратеници гласале против.

Констатирам дека Марко Бундалевски е разрешен од функција заменик на јавниот обвинител на Република Макеоднија, поради исполнување на условите за старосна пензија.

На колегата Бундалевски со кој повеќе години работевме заедно, му честитам одење во пензија.

Минуваме на точка 25 - Предлог за покренување на постапка за разрешување од функцијата заменик на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Делчево.

Претресот по Предлогот за покренување на постапка за разрешување на Коста Пантовиќ од функцијата заменик на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Делчево е заклучен.

Предлогот за разрешување на заменик на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Делчево го ставам на гласање. - Ве молам, да гласаме?

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 49 за, воздржани 5, 16 пратеници гласале против.

Констатирам дека Коста Пантовиќ е разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител ...

Процедурално за збор се јави Митко Иванов.

27.

28.

**ИВАНОВ МИТКО:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, се сомневам во гласањето, бидејќи прво, нема толку пратеници во салата 82, во тоа сум сигурен, и се сомневам дека толку гласаа за разрешување, па затоа барам поединечно гласање и барам подршка од 10 пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, дали имате подршка? (Има)

Констатирам дека имате подршка.

Ве молам, повелете да се изврши поединечно гласање.

Ги молам оние колеги кои беа присутни во моментот на гласање, да не ја напуштаат салата, за да можеме да спроведеме легално поединечно гласање.

**РОКСА ГЕОРГИЕВСКА:**

1. ЈОНУЗ АБДУЛАИ воздржан
2. АБДУРАХМАН АЛИТИ против
3. АБДУЛА АЛИУ против
4. ЌАНИ АЛИУ за
5. МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ против
6. СТОЈАН АНДОВ отсутен
7. КИРИЛ АНДОНОВСКИ за
8. МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА против
9. ЉУПЧО АНУШЕВ не е тука
10. АМДИ БАЈРАМ за
11. ДЕМУШ БАЈРАМИ за
12. ФАДИЛ БАЈРАМИ воздржан
13. ДИМИТАР БАТКОСКИ за
14. МЕРСЕЛ БИЉАЛИ против
15. ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА отсутна
16. ЈОРДАН БОШКОВ за
17. ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ против
18. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ не е тука
19. СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ за
20. ВАСИЛ ГАЦОВСКИ за
21. МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ за
22. ТРАЈКО ГЕШОСКИ за
23. АЛЕКСАНДАРГЕШТАКОВСКИ против
24. ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ за
25. ПЕТАР ГОШЕВ не е тука
26. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ за
27. ЗАМИР ДИКА за
28. ВАНЧО ЃОРГИЕВ не е тука
29. ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ против
30. ФАТМИР ЕТЕМИ за
31. ВАСИЛ ЕФТИМОВ за
32. НАСЕР ЗИБЕРИ против
33. ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО против
34. МИРКО ИВАНОВ против
35. ИЛИЈА ИЛОСКИ не е тука
36. ДЕЛЧЕ ИЦКОВ за
37. ЖАРКО ЈАНКОСКИ за
38. НИКОЛА ЈОВАНОВ воздржан

39. ВЕСНА ЈОВАНОВСКА отсутна
40. МАРИКА ЈОРДАНОВА за
41. НАЗМИ КАДРИУ отсутен
42. РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ не е тука
43. ЖАРКО КАРАЏОСКИ за
44. РЕНАТА КЕРПИЧОСКА-БОШЕСКА за
45. МИТКО КИРОВ за
46. ЛАЗАР КИТАНОСКИ не е тука
47. САВО КЛИМОВСКИ не е тука
48. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ против
49. ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ за
50. ИЛИЈА ЛАЗАРОВ не е тука
51. ГОРАНЧО ЛАЗОВ за
52. БИЛАЛ ЉУТФИИ за
53. ЈАНИ МАКРАДУЛИ против
54. ВАСЕ МАНЧЕВ за
55. НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ- ДИМОВА за
56. ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА за
57. ДИСПИНА МАРКОВСКА за
58. ЗВОНКО МИРЧЕСКИ не е тука
59. ДРАГАН МИТЕВСКИ не е тука
60. КИРИЛ НАСТЕСКИ против
61. РУБЕНС НАУМОВСКИ за
62. ГОРАН НЕВЕНОВСКИ за
63. ЛАТИФ ПАЈКОСКИ не е тука
64. АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ не е тука
65. ВАНЧО ПАНЧЕВ не е тука
66. ИЛИЈА ПЕМОВ за
67. ТИТОПЕТКОВСКИ не е тука
68. ЧЕДО ПЕТРОВ за
69. ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ не е тука
70. АЗИС ПОЛОЖАНИ не е тука
71. СТОЈАН ПОПОВ не е тука
72. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ против
73. НИКОЛА ПОПОВСКИ против
74. ИЛИЈА ПРАНГОСКИ не е тука
75. ИСМЕТ РАМАДАНИ против
76. ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ за
77. НЕНАД РИСТОВСКИ не е тука
78. АЦЕ САЈКОСКИ за
79. АСЛАН СЕЛМАНИ против
80. БОРЧЕ СИБИНОВСКИ за
81. ВАНГЕЛ СИМЕВ против
82. РИСТО СПАНАКОВ за
83. КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ не е тука
84. ГОРЃИСПАСОВ не е тука
85. МИЛАН СТАВРЕВ за
86. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ не е тука
87. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ за
88. ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ за
89. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ против
90. ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ не е тука
91. ВЛАДО СУГАРЕВСКИ за
92. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ отсутен
93. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ не е тука
94. МУХАМЕД ТАИРИ против
95. АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ за
96. МЕВЉАНТАХИРИ воздржан
97. МИТКО ТИЛЕВСКИ за
98. ЃОРЃИ ТОДОРОВ не е тука
99. РИСТО ТОДОРОВ против
100. ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ за
101. ПАНДЕ ТОМОВ не е тука
102. КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ за
103. ГОРАНЧО ТРАЈКОВ за
104. ТАНАС ТРАЈКОВСКИ не е тука
105. АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ за
106. БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ не е тука
107. СЛОБОДАН ЌОСЕВ за
108. ТАКИФИТИ не е тука
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ не етука
110. ИЛЈАЗХАЛИМИ за
111. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ не е тука
112. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ против
113. КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА не е тука
114. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ не е тука
115. МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ не е тука
116. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ против
117. АРБЕН ЏАФЕРИ не е тука
118. АЛИЈАШАХИЌ за
119. РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА не е тука

Дали има некој што не е прозван?

120. АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ за

(Пратениците реагираат на излегувањето и влегувањето на некои од пратениците при гласањето).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници, дозволете ми да ги соопштам резултатите од поединечното гласање.

Гласале вкупно 77 пратеници, од кои 49 за, 23 против, и четири воздржани.

Констатирам дека и по поединечното гласање колегата Коста Пантовиќ е разрешен од функција заменик на јавен обвинител на Јавното обвинителство во Делчево.

Навистина, од колегијални причини жалам ако се разрешува поради стручност, нестручни обвинители не треба да вршат фукција.

Минуавме на точката 26 - Предлог за покренување на постапка за разрешување од функција заменик на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид.

Претресот по предлгоот за покренување на постапка за разрешување на Боривоје Петревски од функција заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид е заклучено.

Предлогот за разрешување на заменик на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласале 54 пратеници, воздржани нема, а против гласале 21 пратеник.

Констатирам дека Боривоје Петрески е разрешен од функција заменик на јавен обвинител на Јавното обвинителство во Охрид поради нестручно и несовесно вршење на функцијата заменик на јавен обвинител.

Минуваме на точката 28 - Предлог на одлука за огласување именување на заменици јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Охрид, Велес, Кавадарци, Битола и Гевгелија.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ве известувам дека во меѓувреме предлагачот на предлогот на одлуката, пратеникот Чедомир Кралевски го прифати амандманот на насловот на точка 1 поднесен од пратениците Жарко Караџовски и Звонко Мирчевски, тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Процедурално бара збор г-дин Чедомир Петровски.

**ЧЕДОМИР ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, заради коректност на текстот што влегува во записник би сакал да го исправам вашиот лапсус лингва, имено Комисијата го прифати амандманот поднесен од групата пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам, се прима на знаење ова, и, ако сум направил грешка се извинувам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој )

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 52 пратеници, воздржано гласале 10 пратеници, против гласале седум пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување именување на заменици јавни обвинители во основните јавни обвинителства во ОХрид, Велес, Кавадарци, Битола, Гевгелија и Прилеп.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 93-та седница на Собранието на РМ .

(Седницата заврши со работа во 16,15 часот. )